**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Емине Мурати, Петар Аневски, Љубинка Башеска и Снежана Сарџовска - заменик, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против заменик нотар К.Н. на нотар А.Б. од Скопје, по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на заменик нотарот, на ден 27.09.2019 год., го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Заменик нотар К.Н. на нотар А.Б. Скопје, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, по предлог на доверителот Т.К.ДДооел Скопје, против должникот И.И.Д.М.Дооел експорт-импорт Скопје, за наплата на долг во износ од 2.814.303,оо денари, во текот на која постапка донела решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр. 980/19 од 8.03.2019 година, при што предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, здружен во списите на предметот, содржи приемен штембил според кој предлогот е примен во нотарската канцеларија на ден 28.02.2019 година, со 14 прилози, без регистрирана уплата на судската такса, а на примерокот од предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, кој е доставен до должникот, приемниот штембил е нејасен поради тоа што датата на приемот е прецртана - изменета, па произлегува дека е примен на ден 1 или 9.03.2019 година, со шест прилози и уплатена судска такса во износ од 12.000,оо денари, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

## О б р а з л о ж е н и е

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет од страна на Нотарската комора на РСМ, бр. 1138/1 од 29.07.2019 год.,се укажува дека именуваниот заменик нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка заменик нотар во својата одбрана, изнесена писмено со поднесокот од 9.08.2019 година и усно на расправата, меѓу другото, наведува дека наводите од предлогот за поведување на дисциплинска постапка се неосновани. Во случајов сторена е техничка грешка при ставање на штембилот односно датумот на приемот, која немала влијание врз целата постапка за издавање на нотарски платен налог. На должникот му е овозможено правото на приговор и предметот се наоѓа на одлучување кај надлежниот суд. При

донесувањето на решението наплатена е судска такса за што има доказ во списи на предметот. Наведе дека досега дисциплински не е казнувана.

За доказ е приложена фотокопија на списи на предметот НПН бр. 980/19;

Врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на заменик нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека именуваниот нотар е виновна дека сторила дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, поради следниве причини :

Во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, по предлог на доверителот Т.К.Д.Дооел Скопје, против должникот И.И.Д.М.Дооел експорт-импорт Скопје, за наплата на долг во износ од 2.814.303,оо денари, именуваниот заменик - нотар донела решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр. 980/19 на ден 8.03.2019 година, кое содржи и податоци определени со член 112 став (8) од Законот за нотаријатот, меѓу кои и печат со назнака „заменик-нотар“ и свој потпис. Предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, здружен во списите на предметот, содржи приемен штембил според кој истиот е примен во нотарската канцеларија на ден 28.02.2019 година, со 14 прилози, без регистрирана уплата на судската такса, а на примерокот од предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, кој е доставен до должникот, приемниот штембил е нејасен поради тоа што датата на приемот е прецртана - изменета, па произлегува дека е примен на ден 1 или 9.03.2019 година, со шест прилози и уплатена судска такса во износ од 12.000,оо денари. На ден 19.04.2019 година должникот има изјавен приговор против решението за издавање на нотарски платен налог НПН бр.980/19 од 8.03.2019 гопдина.

При ваквата фактичка состојба следува заклучокот дека именуваниот заменик нотар постапувала спротивно на член 3 став (3) од Законот за нотаријатот, според кој нотарот нотарската служба ја врши стручно врз основа на Уставот, законите, меѓународните договори и другите прописи и општи акти засновани врз закон, и ставот (4) според кој нотарската служба се врши со примена на начелото за гарантирање на законито вршење на работите. Ваквата законска обврска се однесува и на именуваниот заменик нотар кој согласно со членот 112 став (8) од Законот за нотаријатот, ги врши сите работи кои според закон е овластен да ги врши нотарот, а според членот 132 став (2) за повреда на законот, Кодексот на професионална етика на нотарите и актите на Комората нотарот, заменик нотар и нотар кој привремено ја врши службата одговара дисциплински.

Имено, според членот 2 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, нотарот уредно и навремено ги води уписниците, книгите и имениците, електронската и друга евиденција утврдена со Законот за нотаријатот, овој

правилник и други прописи кои се во функција на вршње на нотарската служба, а штембилот за прием на писмено и неговата содржина се уредени со членот 7 од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување. Во конкретниов случај, предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, здружен во списите на предметот, е со дата од 28.02.2019 год., во штембилот за прием е регистрирано доставување на 14 прилиози, без судската такса, а во примерок на предлогот доставен до должникот приемот е со поинаква, нејасна, дата, со шест прилози и платена судска такса во износ од 12.000,оо денари. Наведеното укажува на фактот дека ваквото постапување е спротивно на напредцитирните одредби, бидејќи не е јасно кога предлогот е примен во нотарската канцеларија, со колку прилози и кога е уплатена судската такса, на која околност основано се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Поради наведеното се доведува во прашање стручноста и законитоста во постапувањето при издавање на решението за нотарскиот платен налог НПН бр.980/19 од 8.03.2019 година од страна на именуваниот заменик нотар.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на заменик нотарот, при што оцени дека со изнесената одбран всушност не се оспоруваат констатациите на подносителот на Предлогот за поведување на дисицплинска постапка, туку само појаснуваат причините поради кои е постапено на понапредутврдениот начин.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека заменикот нотар, според евиденцијата која се води во Нотарската комора, досега не е дисциплински казнувана, дека нема доказ за странките во предметната правна работа да била причинета штета како последица на сторената техничка грешка во работењето. При тоа, Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – јавна опомена, воспитно ќе влијае врз заменикот нотар во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши службата, а на кои е укажано во решението.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението согласно член 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА:против одлуката е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински орган на Комората;

ДН: Нотарот;
Архивата;